# Влијанието на социјалните мрежи врз користењето на лекови без рецепт

Милица Стоилова*[1], Андреа Петрова[1], Емилија Илиевска[1], Мери Иваноска[1], Маја Мантева[1], Петрина Николовска[1], Дијана Мицева[1], Бистра Ангеловска[1], Елена Дракалска Серсемова[1]
[1] Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев", ул. ,,Крсте Мисирков" бр. 10-А, 2000, Штип, Северна Македонија (milica.154205@student.ugd.edu.mk)

## Вовед

Во современото дигитално општество, социјалните мрежи претставуваат значаен извор на информации кои директно влијаат врз здравствените навики на пациентите. Сè почесто тие се користат за добивање совети и препораки за употреба на лекови без рецепт, што може да резултира со неконтролирана и несоодветна примена. Ова наметнува потреба од подлабоко истражување на нивното влијание, со цел обезбедување правилна едукација и унапредување на јавноздравствената безбедност.

## Цел

- да се испита дали и во која мера социјалните мрежи влијаат врз одлуките на пациентите за користење лекови без рецепт;
- да се идентификува улогата на онлајн содржините во процесот на самостојно лекување;
- да се укаже на потенцијалните ризици од ваквата практика и да се нагласи потребата од едукација и соодветна контрола на здравствените информации што циркулираат на социјалните мрежи.
- анкетен прашалник од кои најважни прашања беа:















## Дискусија

- 48.5% никогаш не користеле лек по препорака од социјални мрежи;
- 33.3% неколку пати користеле лек по препорака од социјални мрежи;
- 66.7% редовно проверуваат информации на социјалните мрежи пред употреба на лек;
- доверба: 39.4% умерено веруваат во информациите;
- недостиг на целосна доверба = критички пристап;
- нотреба од едукација, критичка процена и регулација на онлајн промоција.

Овие резултати ја потврдуваат потребата од засилена едукација за безбедна употреба на лекови и критичка проценка на онлајн здравствени содржини, како и од регулирање на промоцијата на лекови на социјалните мрежи во насока на заштита на јавноздравствената безбедност.

## Заклучок

Резултатите од оваа анкета укажуваат на тоа дека социјалните мрежи претставуваат значаен фактор во однесувањето на пациентите при самостојно лекување, иако кај дел од испитаниците постои одредена недоверба. Овие наоди ја нагласуваат потребата од едукативни кампањи и построга контрола на промоцијата на лекови, со цел намалување на ризикот од несоодветна употреба на безрецептни препарати.